2022

Министерство за правда

# [ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ПРАВОСУДНИОТ СЕКТОР 2017-2022]

# СОДРЖИНА

ДЕЛ ПРВИ: РЕЗИМЕ ........ 2
ДЕЛ ВТОРИ: ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА........ 3
ДЕЛ ТРЕТИ: ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ОДДЕЛИ ВО СТРАТЕГИЈАТА ........ 4

# ДЕЛ ПРВИ: РЕЗИМЕ

Стратешката рамка за реформи во правосудниот сектор е воспоставена во ноември 2017 година, со усвојувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со нејзиниот Акциски план. Овој стратешки документ се темели врз начелата на независност, непристрасност, одговорност, ефикасност и транспарентност. Во 2022 година заврши имплементацијата на активностите од Акцискиот план.

Во годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија е нотирано дека континуирано се спроведуваат активностите од Стратегијата.

Во текот на 2022 година се одржаа Објаснувачкиот и Билатералниот скрининг за Поглавје 23: Правосудство и Фундаментални права. Европската Комисија потенцираше дека Република Северна Македонија е спремна да се движи напред во процесот на остварување на реформските цели и има усвоени правна рамка која ги содржи стандардите на Европската Унија за независно и непристрасно судство и правилно функционирање на правосудниот систем.

Структурата на Акцискиот план ја сочинуваат четири поглавја и тоа Стратешки цели на реформа во правосудството, Стратешко планирање и креирање политики, Правосудни институции и Реформи во посебни области. Во рамки на овие четири поглавја, предвидени се вкупно 129 мерки коисе имплементираат преку реализација на 227 активности.

Советот за следење на имплементацијата во тековната година одржа една седници (март 2022 година) каде што се дискутираа тековни прашања поврзани со имплементацијата на Стратегијата и реформските чекори кои се преземаат.

Годишниот извештај за имплементација на Стратегијата дава детален приказ за степенот на реализација на мерките и активностите предвидени во придружниот Акциски план на Стратегијата за 2022 година.

Во текот на 2023 година, Министерството за правда ќе ја подготви и достави до Владата на Република Северна Македонија за усвојување новата петгодишна Стратегија за правосудниот сектор која ќе го опфаќа периодот 2023-2027 година.

# ДЕЛ ВТОРИ: ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Овој извештај е подготвен врз основа на детален збирен преглед на реализација на сите мерки и активности од 2022 година, а кои што се предвидени во придружниот Акциски план на Стратегијата.

Од вкупно 227 активности утврдени во Стратегијата: 140 активности се реализирани во целост, 18 активности се во тек, 14 доцнат, 43 активности се спроведуваат континуирано, 6активности зависат од претходно донесување на дадените законски измени, додека 6 активности се неспроведливи поради промена во пристапот.




*Прилог 1: Збирен табеларен преглед на активности од 2022 година во Акцискиот план на Стратегијата*

# ДЕЛ ТРЕТИ: ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈА ПО ОДДЕЛИ ВО СТРАТЕГИЈАТА

## ОДДЕЛ 2: Стратешки цели на реформата во правосудството




*Прилог 3: Преглед на реализирани активности оддел Стратешки цели на реформата во правосудството*

## 2.1 НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

### *СТРАТЕШКА НАСОКА 2.1.2 Членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители потребно е дасе избираат од редот на најискусните судии и јавни обвинители*

- ✓ На 15.09.2022 година беа избрани тројца членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите.
- ✓ На 05.12.2022 е извршен избор на претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија.
- ✓ На 10.01.2023 година е избран еден член за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија од редот на вишите јавни обвинители од Вишото јавно обвинителство Гостивар.
- ✓ На 02.03.2023 година е објавен огласот за избор на член на Советот на јавните обвинители од редот на јавни обвинители припадници на сите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

### *СТРАТЕШКА НАСОКА 2.1.5. Правилно функционирање на системот за распредеба на предмети (АКМИС) со спроведување редовна контрола и ревизија врз неговото функционирање со цел да се спречат секакви злоупотреби на системот*

- ✓ Во текот на 2022 година Комисијата изврши надзор во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) и примена на одредбите од Судскиот деловник во 11 судови.[1]
- ✓ Согласно спроведените надзори утврдено е дека редовните надзори над функционирањето на автоматизираниот систем во судовите даваат резултати, односно е забележан напредок во организацијата на судовите околу АКМИС системот, а евентуалните слабости заради застареност на системот и слично, се очекува да бидат надминати со консултации, препораки, насоки од Работното тело при Врховниот суд, како и преземање на различни активности од повеќе релевантни чинители (Судски совет, Судски буџетски совет, Министерство за правда).

[1]Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Куманово, Виш управен суд, Основен суд Гостивар, Основен суд Кочани, Основен суд Гевгелија, Основен суд Радовиш, Основен суд Неготино, Основен суд Штип, Основен суд Битола и Основен суд Виница.

## 2.2 КВАЛИТЕТ

### *СТРАТЕШКА НАСОКА 2.2.1. Воедначување на судската пракса*

- ✓ Во текот на 2022 година, на веб страната на Врховниот суд на Република Северна Македонија, се објавени еден начелен став и едно дополнување на начален став, 12 правни мислења и едно дополнување на правно мислење, 2 заклучоци и 5 сентенци.
- ✓ Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на 2022 година активно учествуваше на работните средби на четирите апелациони судови за хармонизирање на судската практика. За правните прашања за кои не беа усогласени четирите апелациони судови, Врховниот суд расправаше по истите и има донесено повеќе правни мислења.
- ✓ Академијата за судии и јавни обвинители спроведе една обука во соработка со Центар за правни истражувања и анализи, наменета за претседателите на одделите од апелационите судови и Врховниот суд, на тема:Работна средба на апелационите судови и Врховниот суд на РСМ за воедначување на судската пракса. На обуката присуствувале вкупно 18 учесници (16 судии и 2 струни соработници.

### *СТРАТЕШКА НАСОКА 2.2.2 Ревидирање на критериумите за оценување за судиите и јавните обвинители*

- ✓ Од септември 2022 година, Советот започна да ги применува новите методологии донесени и усвоени во декември 2020 година за оценување на работата на 97 судии и 4 претседатели на судови врз основа на исполнетост на квалитативните критериуми.
- ✓ Заради континуирано следење на работата на судиите, Судскиот совет донесе Акционен план за следење и оценување на судовите, судиите и претседателите на судовите за периодот од 01.01.2022 – 31.12.2022.

### *Стратешка насока 2.2.4: Укинување на електронското полагање на стручните испити и воведување на усно и писмено полагање на кандидатите пред стручни комисии, врз основа на мерливи и објективни критериуми за проценка на нивните знаења*

- ✓ Изготвена нацрт верзија на нов Закон за процена во насока на укинување на електронското полагање на испитите.

- ✓ Во Собраниска процедура е новиот Закон за вештачење со кој целосно се напушта електронското полагање на испитот за вештак.

### *Стратешка насока 2.2.5:.Воведување на законска обврска за континуирана обука на адвокатите*

- ✓ Предлогот на Закон за адвокатура е во Собраниска процедура, во кој е предвидено формирање на Центар за едукација од страна на Адвокатската комора за континуирана обука на адвокатите. Подзаконските акти кои детално ќе ја уредуваат оваа материја ќе бидат усвоени од страна на Адвокатската комора во рок од 6 месеци од донесување на законот.

### *Стратешка насока 2.2.8: Нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на АСЈО*

- ✓ Целосно е реализирана активноста која се однесува на изготвување законски измени заради отстранување на формалните критериуми кои претставуваат пречка за ефикасно функционирање на Академијата за судии и јавни обвинители.
- ✓ Во таа насока е усогласувањето на законското решение со препораките од Оценската мисија за судска обука од 2018 година, во насока на:

  - предметот, целите и дејноста на основањето на Академијата дека и понатаму останува единствена точка за влез во судството и јавното обвинителството;

  - воведување законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на Академијата, како и основните права и должности на директорот во поглед на дејноста на Академијата, како и односот со другите органи на Академијата, предавачите, менторите и стручната служба на Академијата;

  - реорганизација на приемен испит со цел подобро оспособување на кандидатите за успешно да учествуваат во обуката. Електронското полагање покажа значителни слабости и поради таа причина се наметна потребата од редифинирање на начинот на спроведување на приемниот испит за почетна обука. Приемниот испит се состои од полагање на: тест за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), психолошки тест, тест за интегритет, квалификациски тест и практичен испит. Тестирањето се спроведува по наведениот редослед и секој ден е елиминаторен. Полагањето на писмените делови на приемниот испит се спроведуваат анонимно со што на кандидатот му е доделена испитна шифра.

- Намалување на роковите за поднесување и одлучување по приговори и жалби за резултатите од приемниот испит;
- Почетната обука за слушателите трае 24 месеци и се одвива во две фази, и тоа: прва фаза - теоретска настава во Академијата во траење од девет месеци и - втора фаза - практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, согласно со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци. Ваквиот концепт е целосно усогласен со препораката од Оценската мисија за судска обука каде што пропишува дека **времетраењето на почетната обука треба да остане исто за сите слушатели на почетната обука**;
- редефинирање на начинот на полагање на завршниот испит врз основа на мерила и објективни критериуми за проценка на знаењата на кандидатите и истиот се состои од три дела, и тоа: писмен дел, симулација на судење, и устен дел. Со одредбите од овој предлог на закон целосно е напуштен стариот начин на полагање на завршен испит заради потребата од проверка на практичното знаење и способноста на слушателите, стекнати во почетната обука од аспект на:
  - Способност за писмена изработка на пресуди, решенија и обвинителни акти,
  - Способност за водење на постапката како судија или јавен обвинител, и
  - Ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

***Стратешка насока 2.2.8: Кадровско и техничко доекипирање проследено со обезбедување на соодветни просторни услови.***

- ✓ Академијата веќе има најдено соодветно земјиште за изградба на зграда.[2]
- ✓ Во текот на 2022 година, Академијата ги реализираше сите 7 (седум) предвидени унапредувања на вработените кои беа предвидени во Годишниот план за вработување за 2022 година.

***Стратешка насока 2.2.9: Функционален систем за пробација и други алтернативни мерки***

- ✓ Вкупно 11 пробациски канцеларии се функционални, за подрачјата на првостепените судови во Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Гевгелија.

[2] Во рамки на ИПА 2021 предвидена е Подготовка на техничка документација за модернизација на просториите на Академијата за судии и јавни обвинители

- ✓ Вкупно 33 пробациски службеници се вработени во секторот пробација, вклучувајќи ги и одделенијата за пробација во наведените градови.
- ✓ Бројот на пробациски предмети постојано се зголемува, и во 2022 година изнесува 475.
- ✓ Под надзор на пробациската служба имаше голем број на осудени лица кои извршуваа општокорисна работа, поради сторено кривично дело по чл.206 од КЗ “Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“, односно 297 осудени лица. За таа цел Управата за извршување на санкците освен до сега склучените меморандуми за соработка со Јавните претпријатија низ општините склучи нови меморандуми за соработка со две Јавни здравствени установи во државата, а тоа се ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РСМ и ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ. Во истите општокорисна работа вршеше група на студенти по медицина кои не го почитувале здравствените прописи за време на епидемија.
- ✓ Во текот на месец април 2022 година започна втора активност со експерти од Хрватска со чија помош беа изработени четири документи, и тоа : Проценка на потребите за обука и план за спроведување на обуката, Програма за обука на обучувачите, Наставна програма на основната интерна обука и Чекор во иднината-Јакнење на капацитетите.
- ✓ Започнаа активности во врска со изработка на Стратегија за комуникација за пробациската служба. За овие две цели номинирани беа 14 пробациски службеници кои ќе бидат дел од ПР работната група за односи со јавност. Притоа истите поминаа низ основна обука за комуникации и започнаа со изработка на Стратегијата за комуникација на пробациската служба. Исто така беа номинирани 20 пробациски службеници за обуки за обучувачи.
- ✓ Во тек е измена и дополнување на Законот за извршување на санкциите, а во текот на 2023 година следи и измена и дополнување на Законот за пробација. Воедно, истовремено е во тек измена и дополнување на Кривичниот Законик и Законот за кривична постапка со кои предложени промени се планира зголемување на опфатот на изречени алтернативни мерки што е една од поважните стратешки цели.

## 2.3 ОДГОВОРНОСТ

### *Стратешка насока 2.3.2: Функционални и транспарентни механизми за одговорност на судиите*

- ✓ Во 2022 година до Судскиот совет се поднесени 84 барања за утврдување на одговорност за судија и претседател на суд против 144 судии.
- ✓ Судскиот совет донесе одлуки за отфрлање на 72 барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд против 119 судии, одлуки за запирање на 8 постапки за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд.
- ✓ Судскиот совет на 4 судии им изрече дисциплински мерки [3]во текот на 2022 година.
- ✓ Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе одлуки за разрешување на 6 судии од кои на 4 судии поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, една одлука за разрешување поради потешка дисциплинска повреда и за еден судија во пензија е утврдено нестручно и несовесно вршење на судиската функција.
- ✓ Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија постапувајќи по жалби изјавени од судии кои биле разрешени поради утврдена одговорност за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, во два предмети жалбата на подносителот ја одбил и го потврдил решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија, а во 3 предмети жалбата на жалитетот ја уважил и решението на Судскиот совет на Република Северна Македонија го укинал и една постапка е во тек.

### *Стратешка насока 2.3.5: Градење култура и свест за сопствена лична и институционална одговорност во работата на судството и обвинителството*

- ✓ Академијата за судии и јавни обвинители во почетната обука во рамки на Модул 3, во текот на 2022 година организираше предавања поврзани со етика, деловна култура и деонтолигија.

## 2.4 ЕФИКАСНОСТ

[3] За еден судија изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 30% од месечната плата на судија во траење од 6 месеци;
За еден судија изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 15% од месечната плата на судија во траење од 6 месеци;
Задвајца судии за утврдена дисциплинска повреда изрече писмена опомена

***Стратешка насока 2.4.1: Следење на ефикасноста на судството преку индикаторите утврдени во EU Justice scoreboard (листа на резултати), CEPEJ и други меѓународни стандарди***

- ✓ Судовите продолжија да бидат ажурни во своето работење во текот на 2022 година.

| 2022 | Нерешенипредметиодпретходенпериод | Примениппредмети | Вкупноработа | Решенипредмети | Нерешенипредметинакрајопериод | Стапканарешенипредмети | Должинанапостапкатаводенови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни судови | 81283 | 554297 | 635580 | 542508 | 93072 | 97,87 | 62,62 |
| Апелациони судови | 8714 | 31059 | 39773 | 30549 | 9224 | 98,36 | 110,21 |
| Врховен суд | 956 | 5065 | 6021 | 5214 | 807 | 102,94 | 56,49 |
| Управен суд | 5590 | 8388 | 13978 | 8730 | 5248 | 104,08 | 219,42 |
| Виш Управен суд | 795 | 3873 | 4668 | 3896 | 772 | 100,59 | 72,33 |

- ✓ Судскиот совет го усвои Годишниот план за управување со движење на предмети во судовите и донесе Одлука за утврдување на орентационен број на предмети што треба да ги реши судија месечно во Основните судови, Апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија за 2022 година. Месечната норма на предметите за повторување на постапка во сите судови се определува согласно на утврдената норма за видот на предметот и судот.

***Стратешка насока 2.4.2: Доследно спроведување на Акцискиот план за решавање на старите предмети и следење на состојбата со нерешени предмети***

| ПОСТАПУВАЊЕ НА СУДОВИТЕ<br>ПО СТАРИ ПРЕДМЕТИ | |
|---|---|
| ПОСТАРИ ПРЕДМЕТИ ОД ТРИ ГОДИНИ | |
| СОСТОЈБА ЈАНУАРИ 2022 | СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 2022 |
| 2306 | 2568 |
| ЗГОЛЕМЕН ЗАОСТАТОК<br><br>262 | |
| ПОСТАРИ ПРЕДМЕТИ ОД СЕДУМ ГОДИНИ | |
| СОСТОЈБА ЈАНУАРИ 2022 | СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 2022 |
| 203 | 228 |
| ЗГОЛЕМЕН ЗАОСТАТОК<br><br>25 | |
| ПОСТАРИ ПРЕДМЕТИ ОД ДЕСЕТ ГОДИНИ | |
| СОСТОЈБА ЈАНУАРИ 2022 | СОСТОЈБА ДЕКЕМВРИ 2022 |
| 111 | 118 |
| ЗГОЛЕМЕН ЗАОСТАТОК<br><br>7 | |

## 2.5 ТРАНСПАРЕНТНОСТ

***Стратешка насока 2.5.2:*** Собирање, обработка и анализа на статистичките податоци за работата на судовите и јавните обвинителства во ССРМ И СЈОРМ

- ✓ Заради обезбедување на функционалност на Центарот за статистика и аналитика, Судскиот совет изработи План за вработување за 2022 година, во кој беше предвидено пополнување на работни места во Одделението за статистика и аналитика и истиот од страна на Министерството за финансии беше одобрен и реализиран во тековната 2022 година.

***Стратешка насока 2.5.3: Зајакнување на капацитетите за односи со јавноста***

- ✓ Во 2022 година Академијата за судии и јавни обвинители одржа4 обуки на теми поврзани со односи со јавност со вкупно 70 учесници, од кои 23 судии, 13 јавни обвинители, 27 стручни соработници и 7 претставници на други институции.

***Стратешка насока 2.5.5: Објавување на извештаите од спроведените редовни контроли на функционирањето на АКМИС и системот за распределба и управување со предмети во Јавните обвинителства***

- ✓ Во однос на обврската на Министерството за правда да врши надзор над функционалноста на АКМИС истата целосно се реализира согласно Планот за надзор, а извештаите редовно се објавуваат на ВЕБ страната на министерството. Заклучоците и препораките од надзорите се доставуваат до судот, повисокиот суд и Судскиот совет на запознавање и натамошно постапување.
- ✓ Комисијата за надзор над функционалноста на АКМИС системот заклучи дека во сите контролирани судови за посочениот период е консатирана следната состојба:
  1. Сите судови без исклучок го применуваат АКМИС-от, не постои рачна распределба на предмети, освен во судови каде по еден вид на предмети постапува еден судија и тогаш предметите до него се придвижуваат преку АКМИС-от.
  2. Судиите редовно вршат електронски прием и обработка на предметите;
  3. Изземања на судии се вршат по законска процедура;
  4. Исклучување и вклучување на судии од АКМИС се врши по законска процедура, односно со образложена одлука на претседателот на судот заради отсуство на судијата подолго од пет работни дена;
  5. Годишните распореди за работата на судовите се менуваат согласно законските процедури, заради организациски потреби на судот и избор или заминување на судија во пензија;
  6. Предметите во судовите автоматски се распределуваат еднаш дневно во период од 14.00 до 15.00 часот, а итните предмети веднаш се доделуваат на работа на судија;
  7. Одлуки за рачна распределба на предмети има кај предметите по кои постапува само еден судија и тоа се врши преку АКМИС-от согласно законската процедура со избор на копче судија.
  8. Сите уписници се водат електронски во контролираните судови, и нема уписници кои се во хартиена форма.
  9. Во сите судови во Република Северна Македонија набавени се нови сервери со соодветни перформанси кои е потребно да се стават во функција се со цел да ги задоволат потребите за непречено функционирање на АКМИС системот заради исполнување на законските обврски за управување на судските предмети во АКМИС-от, како и редовното правење на резервни копии на податоците.

10. Во секој суд се набавени и нови скенери со цел да се задоволат потребите за скенирање на целата влезна документација во судовите во РСМ.
11. Во судовите, исто така  редовно се врши анонимизација и објавување на правосилните судски одлуки на судскиот веб портал.

***<u>Преглед на извршени надзори во 2022 година со препораки:</u>***

| Суд | Датум на надзор | Препораки |
|---|---|---|
| Виш управен суд | 27.04.2022 | -Вишиот управен суд да се обрати со барање до Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматскиот систем во судовите при Врховниот суд на РСМ согласно членот 10 од Судскиот деловник, за да се направи измена во АКМИС и да се прилагоди на управното судство, при што да се преиспита принципот на распределба на итните предмети.<br><br>- Да се дефинираат потребите за континуирана обука и сертифицирани обуки за користење на АКМИС и барањето да се достави до АСЈО.<br><br>- Да се постапи по задолжението за доставување на Извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет.<br><br>- ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от и целосно зачувување на резервните копии на податоци. Да се извести Судскиот совет дека во судот има 20 персонални компјутери и принтери во функција кои може да бидат донирани.<br><br>- Потребна е итна надградба на АКМИС за да се обезбеди негова целосна функционалност. |
| | | - Итно да се изберат најмалку пет судии и 10 стручни соработници за кои биле обезбедени финансиски средства бидејќи се работело за упразнети работни места.<br><br>- Основен кривичен суд Скопје повторно да се обрати до Работното тело за стандардизација на постапките при користење на АКМИС при Врховниот суд согласно членот 10 од Судскиот деловник, а и согласно оваа препорака да се преземат мерки за усогласување на АКМИС со важечките прописи и норми. |

| | | |
|---|---|---|
| Основен кривичен суд Скопје | 20.04.2022 | - Се препорачува Апелациониот суд Скопје да врши редовни надзори над работата на Основниот кривичен суд Скопје.<br><br>- да се дефинираат потребите за континуирана обука за користење на АКМИС и барањето да се достави до АСЈО за реализација.<br><br>- ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от, да се набават нови сервери кои ќе ги задоволат потребите и да се обноват дел од работните станици.<br><br>- Се препорачува да се обезбеди техничка опрема и човечки персонал за надминување на проблемот.<br><br>- Да се донесе одлука за определување на времето на автоматска распределба на редовните предмети во судот и истите да се распределуваат исклучиво еднаш во текот на денот. Додека итните предмети да се распределуваат одвоено од редовните предмети согласно можноста што ја овозможува системот. |
| Основен суд Гостивар | 21.06.2022 | - Доследно да се применуваат одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување со движење на предметите во судовите<br><br>- Да се применува членот 17 од Судскиот деловник и најмалку два пати годишно претседателот на судот да го врши редовниот надзор за што ќе се составуваат службени белешки.<br><br>- Задолжително за секоја одржана седница во судот да се изготвуваат записници, за да има запис за тоа што се дискутирало на седницата какви заклучоци или задолженија се преземени.<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на стручни обуки од областа на ИКТ и континуирана обука на другите вработени во судот, заради поголема ангажираност на вработените и целосно искористување на капацитетите на АКМИС.<br><br>- Претседателот на судот кога се кандидира за претседател покрај другите документи приложува и програма за работа со акциски план за спроведување на програмата. Согласно наведеното, неопходно е до |

| | | |
|---|---|---|
| | | Судскиот совет да се доставува извештај за реализација на програмата според акцискиот план.<br><br>- Задолжително да се почитува процедурата за носење на Годишниот распоред на судии согласно член 113 од Судскиот деловник.<br><br>- Задолжително месечните распореди и времетраењето на дежурствата да се евидентираат во АКМИС.<br><br>- Исклучувањето на судија од распределба на предмети да се врши со одлука.<br><br>- Да се почитува член 115 од Судскиот деловник во однос на изготвување на плановите за годишен одмор<br><br>- ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от, да се набават нови скенери кои ќе ги задоволат потребите и да се обноват дел од работните станици.<br><br>- Се препорачува да се обезбеди техничка опрема и човечки персонал за надминување на проблемот<br><br>- Во однос на распределбата на итните предмети истите мора да се распределуваат веднаш штом стигнат во судот, а останатите предмети се распределуваат еднаш во денот и тоа при крај на работното време. |
| Осовен суд Гевгелија | 08.11.2022 | - Редовно да се врши надзор и да се составуваат службени белешки<br><br>- Се препорачува на Апелациониот суд Скопје да врши редовно надзори на работата на пониските судови<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарот и другите вработени во судот<br><br>- Земајќи ги предвид последните измени на Законот за судовите со кои се предвидува Основниот суд Кавадарци и Гевгелија да станат основни судови со проширена надлежност, почнувајќи од 1 јануари 2020 година, се препорачува соодветно планирање и |

| | | |
|---|---|---|
| | | пополнување на работното место „судски администратор“<br><br>- Имајќи го предвид малиот број на судии кој е останат од времето кога Основниот суд Гевгелија беше суд со основна надлежност, се препорачува зголемување на бројот на судиите за еден, за да може да се формира и оддел за судска пракса кој се покажа како многу корисен во судовите во кои се формирал.<br><br>- Кога се врши измена на Годишниот распоред на работа на судиите задолжително во образложението да се наведе основот и причината за негово менување<br><br>- ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС и да се набават персонални компјутери за потребите на судот.<br><br>-Судскиот совет да оцени дали постои основ за поведување на постапка за одговорност за претходниот претседател на Основниот суд Гевгелија |

| | | |
|---|---|---|
| Основен суд Куманово | 14.06.2022 | - Судскиот совет да ги пополни празните судиски места.<br><br>- Да се продолжи и интензивира процесот со архивирање на предметите<br><br>- Судот да изготви Акционен план за решавање на предмети со оглед на фактот дека во судот има 345 стари нерешени предмети.<br><br>- Да се преиспита можноста ОЈО, Државното правобранителство и Водостопанство да се преместат на друга локација, со оглед, дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката<br><br>- Соодветно да се следи постапката за надзор предвидена во член 17 од Судскиот деловник<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судот, заради поголема ангажираност на вработените и целосно искористување на капацитетите на АКМИС-от.<br><br>- ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите во судот за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от и започнатата групна јавна набавка на сервери и друга ИТ опрема која ја спроведува Врховниот суд да се заврши. Да се заврши постапката за расход на информатичката опрема која е нефункционална<br><br>- Се препорачува да се обезбеди техничка опрема и човечки персонал за да се надмине проблемот<br><br>- Автоматската распределба на предметите да се врши исклучиво еднаш во текот на денот и да се почитува часот на распределба на итните предмети |

| | | |
|---|---|---|
| Основен суд Кочани | 03.11.2022 | - СБС да обезбеди средства за санирање на тоалетите и подрумот за архива што се оцени дека е приоритетно<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологија на информатичарот и другите вработени во судот<br><br>- Сите предмети во СУ уписниците да се заведуваат во системот, и задолжително сите акти да се изготвуваат во АКМИС<br><br>- ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС во судот |
| Основен суд Радовиш | 14.11.2022 | - Надлежните судски органи да обезбедат средства или на друг начин да доделат возило за потребите на судот<br><br>- Претседателката на судот да се обрати до надлежните органи за да се обезбедат дополнителни средства за спроведување на постапката и да се среди архивскиот простор.<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологија на информатичарот и другите вработени во судот<br><br>- Да се почитува обврската за доставување на извештај за реализација на Програмата за работа до Судскиот совет.<br><br>- Кога се врши измена на Годишниот распоред за работа на судиите задолжително во образложението да се наведува основот и причината за негово менување |
| Основен суд Неготино | 17.11.2022 | - Апелациониот суд Скопје да врши редовни контроли над работата на основните судови од своето подрачје заради следење на реализацијата на констатираните недоследности во работата на судот.<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологија на информатичарот и другите вработени во судот |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Се задолжува претходниот претседател да даде писмена изјава за причините поради кои не бил изработен списокот кој е неопходен од безбедносни причини<br><br>- Да се почитува одредбата од член 115 на Судскиот деловник и да се започне со изготвување на План за годишен одмор на судиите<br><br>- Новиот сервер е ставен во функција со цел да се овозможи непречено функционирање на АКМИС и да се набават персонални компјутери за потребите на судот |
| Основен суд Штип | 10.11.2022 | - Судски совет да преземе мерки за пополнување на неопходните места во судот<br><br>- Да се преиспита можноста ОЈО, Државното правобранителство и ВЈО да се преместат на друга локација, со оглед, дека се работи за субјекти кои пред судот се јавуваат како странка во постапката<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологија на информатичарот и другите вработени во судот<br><br>- ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС и да се набават персонални компјутери за потребите на судот |
| Основен суд Битола | 24.11.2022 | - Неопходно е да се изврши избор на шест судии и да се вработат 10 стручни соработници на неопределено време со што на истите ќе им се овозможи да го користат правото на унапредување во службата<br><br>- Се препорачува да се изготват службени белешки за извршен надзор согласно член 17 од Судскиот деловник<br><br>- Се препорачува Апелациониот суд Битола да врши редовно надзори на пониските судови од своето подрачје<br><br>- Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологија на информатичарот и другите вработени во судот |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС и да се набават нови скенери и персонални компјутери за потребите на судот |
| Основен суд Виница | 01.12.2022 | - Итно да се изврши избор на претседател на судот и избор на еден судија – кривичар и да се пополнат испразнетите места на судски службеници<br><br>- Да се обезбеди возило за потребите на судот<br><br>- Генерална препорака за Судскиот совет е да се отвори прашањето за опремување на судовите со нова современа опрема за тонско снимање на рочиштата со обезбеден начин на нивно одржување и сервисирање бидејќи овој проблем е присутен во сите контролирани судови<br><br>- АСЈО според член 13 од Законот за управување со движење на предметите во судовите е задолжена за организирање на континуирана обука за ИКТ технологија за информатичарот и другите вработени во судот<br><br>- Претседателот на судот да спроведе постапка за избор на раководител на судска служба<br><br>- Задолжително распределбата на предметот да се врши преку АКМИС и истото да биде содржано во решението за изземање<br><br>- Итно да сестави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС<br><br>- Задолжителна примена на АКМИС за сите активни уписници |

| ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА |
| --- |
| 2.6 БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ |

### *Стратешка насока 2.6.1.1: Ефективен, ефикасен и одржлив систем за БПП преку донесување нов Закон за бесплатна правна помош*

- ✓ Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош запишани се 488 адвокати.
- ✓ Во Министерството за правда се води и регистар на овластени здруженија за давање примарна правна помош и овластени правни клиники за давање примарна правна помош.
- ✓ Број на овластени Здруженија за давање примарна правна помош -15
- ✓ Број на овластени Правни клиники за давање примарна правна помош – 7
- ✓ Преку подрачните одделенија, овластените здруженија и правните клиники, вкупно 5972 лица добиле примарна правна помош.
- ✓ Во Подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, вкупно 3330 лица добиле примарна правна помош.
- ✓ Вкупно 291 барања се поднесени за секундарна правна помош од кои одобрени се 231 барања, а одбиени се 40 барања
- ✓ Со буџетот на Министерство за правда за 2022 година, одобрени средства/буџет за бесплатна правна помош за 2022 година изнесува 5.000.000,00 денари. Реализираниот годишен буџет за бесплатна правна помош во 2022 година изнесува 3.974,558,00 денари.

### *Стратешка насока 2.6.1.2: Спроведување на медиумска кампања, подготовка на брошури и прирачници за запознавање на корисниците на БПП, користење на социјални мрежи и други алатки за промоција*

- ✓ Кампањата за подигање на свеста кај граѓаните на Северна Македонија за бесплатната правна помош, спроведена од Министерството за правда, во соработка со проектот [4]на Европската унија и на Советот на Европа, допре до повеќе од 500 000 граѓани, информирајќи ги за важноста, достапноста и функционирањето на системот за бесплатна правна помош.
- ✓ Различни промотивни материјали (флаери, постери, брошури, анимациско видео и други информативни материјали) беа произведени и дистрибуирани до повеќе од 233 институции и достапни на повеќе јазици (македонски, албански, турски и ромски). Информативни материјали се достапни и на

[4]Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија,

Брајова азбука за слепи и лица со оштетен вид. Реклама за бесплатна правна помош беше поставена на два двокатни автобуси од ЈСП Скопје (број 22а Водно – Волково и број 57 Козле – Радишани).

- ✓ Во текот на 2022, 12 микро промоции во форма на промотивни активности беа одржани во различни градови и рурални средини, преку кои граѓаните директно беа информирани за правото на бесплатната правна помош. Промоциите беа организирани со инфо штандови поставени на места каде што граѓаните најчесто се движат. Овие промоции се особено важни затоа што традиционалните и онлајн промоциите не секогаш може да допрат до сите групи на граѓани.
- ✓ Вкупно, околу 4000 граѓани беа информирани (60% жени, 40% мажи) за бесплатната правна помош.
- ✓ Граѓаните може да добијат информации за бесплатната правна помош и на веб страната: http://www.pravnapomos.mk/ како и на Фејсбук страната Бесплатна правна помош кои функционираат како платформа каде што граѓаните може да добијат повеќе инфромации за условите и видот на правни прашања за кои што може да се добие бесплатна правна помош.
- ✓ Европскиот ден на правдата 2022 беше одбележан со конференција на високо ниво, организирана во соработка со Министерството за правда, а поддржана од заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа.

## АДВОКАТУРА

### *Стратешка насока 2.6.2.3 Сеопфатна анализа на постојната законска поставеност и работа на адвокатската професија и пристапување кон нејзина реформа согласно реформите во другите сегменти од правосудниот сектор*

- ✓ Законот за адвокатурата е во Собраниска процедура со кој се овозможува јакнење на адвокатската професија, што меѓудругото ќе се овозможи и преку воведување на задолжителна континуирана обука, организирана од страна на Адвокатската комора со законски утврден фонд на часови на годишно ниво, како и допрецизирање на постојната законска поставеност и работа на адвокатската професија и нејзина реформа согласно со реформите во другите сегменти од правосудниот сектор.

## МЕДИЈАЦИЈА

*Стратешка насока 2.6.5.4: Стимулирање на примената на медијацијата во судските постапки.*

- ✓ Бројот на лиценцирани медијатори изнесува 46.
- ✓ Во 2022 година во918 предмети бил направен обид спорот да се реши по пат на медијација. Од нив спогодба била постигната во 397 предмети, додека 400 предмет завршиле без спогодба. Бројот на активни постапки изнесува 121.

**<u>Преглед на постапки за медијација по видови на спорови</u>**

| Постапки за медијација по видови на предмети | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на спор | 2022 година | | |
| | **Вкупно** | **Завршени со спогодба** | **Завршени без постигнување на спогодба** |
| Трговски/стопански спорови | 374 | 19 | 315 |
| Работни спорови | 468 | 356 | 35 |
| Осигурителни спорови | 40 | 3 | 37 |
| Имотно правни спорови | 12 | 3 | 6 |
| Спорови по различни основи | 19 | 13 | 4 |
| Семејни спорови | 1 | 0 | 1 |
| Заштита на потрошувачи | 1 | 0 | 1 |
| Кривични предмети | 3 | 3 | 0 |
| ВКУПНО | 918 | 397 | 400 |

- ✓ Академијата за судии и јавни обвинители за извештајниот период спроведе вкупно 5 обуки на кои присуствуваа вкупно 126 учесници.

## ОДДЕЛ 3: Стратешко планирање и креирање политики




### *Стратешка насока 3.1.2: Активна улога на Советот за реформа на правосудниот сектор*

- Во 2022 година Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор во рамки на Владата на РСМ, предводен од Министерот за правда одржа една седница( 31 март 2022 година).
- Наредната седница на Советот ќе се одржи во април 2023 година.

**ОДДЕЛ 4: Правосудни институции, други институции во функција на правосудниот сектор**




***Стратешка насока 4.1.3.3:Воспоставување систем за електронска распределба на предмети и доследна примена на системот на управување со предмети***

- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 10.02.2022 година го донесе Правилникот за начинот на распределба на предметите во Јавните обвнителства преку системот за електронска распределба на предметите.

***Стратешка насока 4.1.3.6:Зголемување на кадарот во јавнообвинителската служба***

- Во 2022 година во јавните обвинителства на територијата на РСМ се вработени следните јавнообвинителски службеници: 4 јавнообвинителски референти - записничари, 1 Помлад референт доставувач и 3 јавнообвинителски службеници со високо образование.

# ОДДЕЛ 5: Реформи во посебни области

## 5.1 КАЗНЕНО ПРАВНА ОБЛАСТ




### *Стратешка насока 5.1.1: Кодификација на вонкривични прописи во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди*

- Во текот на 2022 година одржани се четири стручни расправи по апелационите подрачја на Република Северна Македонија. На 07.07.2022 година беше објавен законскиот текст на ЕНЕР, беше започнат процесот на јавно коментирање на Предлогот на новиот Кривичен законик.
- На 15.09.2022 година Министерството за правда достави работна верзија на Предлог на Кривичен законик до сите релевантни институции за истите да ги доставаат своите мислења, забелешки и сугестии.
- Првата стручна расправа по однос на Предлогот на Кривичниот законик беше одржана на 10-ти и 11-ти ноември 2022 година во хотел "Холидеј Ин" во Скопје, на која учествуваа практичари и преставници од академската заедница.
- Предлогот на Кривичниот законик е во фаза на финализирање на текстот, односно разгледани се сите мислења кои беа доставени од релевантните институции и истиот ќе биде усогласен со меѓународните стандарди, праксата на ЕСЧП и со европското законодавство.

- ✓ Со новиот Кривичен законик ќе се воспостави казнена политика која успешно ќе одговори на новите криминолошки појави, ќе се направи кодификација на сите кривични дела од посебните закони во новиот Кривичен законик, ќе се отстранат недостатоците во постојниот, се инкриминираат нови дела, се унапредуваат одредбите на постојните кривични дела и се создава можност за подобра индивидуализација на кривичните санкции.

***Стратешка насока 5.1.2: Правично постапување со зајакнување на правата на одбрана и заштита на човековите права во кривична постапка***

- ✓ Поради обемноста на измените на Законот за кривичната постапка кои се повеќе од 1/3 од членовите на постојниот закон ќе се пристапи кон донесување на целесно нов Закон за кривичната постапка.
- ✓ Со Предлогот на Законот за кривичната постапка ќе се вградат сите релевантни меѓународни стандарди и праксата на ЕСЧП, ќе се усогласи со европското законодавство и ќе отстранат досегашните слабости на постојниот закон кои се појави ја практиката. Особено подобрување има во одредбите кои се однесуваат на конфискацијата, жртвите на кривичните дела и посебните истражни мерки.
- ✓ Предлогот на Законот за кривичната постапкана 09.11.2022 година беше објавен на ЕНЕР со што беше достапен на јавно коментирање и истиот беше доставен на мислење до сите релевантни институции.
- ✓ Законот е во фаза на разгледување и усогласување со мислењата кои пристигнаа од институциите.
- ✓ Откако ќе заврши фазата на усогласување со мислењата ќе следува период во кој ќе биде организирана јавна расправа, како и четири јавни расправи по апелационите подрачја.

***Стратешка насока 5.1.3: Компензација на жртвите од кривични дела***

- ✓ Во ноември 2022 година Собранието го донесеЗаконот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела сторени со насилство[5], за прв пат се пристапи кон воспоставување на стандарди за жртвите од кривични дела со насилство.
- ✓ . Законот е усогласен со: Директивата на Советот 2004/80/ЕЗ од 2004 за надоместок на жртвите на кривично дело,Директивата 2012/29/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2012 година за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од

---
[5] Службен весник на РСМ бр.247/2022

кривични дела, Директивата 2011/36/ ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 2011 година за превенција, борба против трговија со луѓе и заштита на жртвите иПрепораката Rec (2006) 8 на Комитетот на министри на Советот на Европа до државите членки за помош на жртвите од криминал.

### *Стратешка насока 5.1.6: Подобрување на меѓународната соработка во кривична и граѓанска материја*

- ✓ Меѓународната соработка во кривична материја се одвива ефикасно. На 22.12.2022 Јавното обвинителство на Република Северна Македонија објави оглас за именување на Обвинител за врски во Eurojust, кој се очеквуа да биде назначен во најскоро време Во тек е и подготовка на нов подзаконски акт за соработка со EUROJUST.
- ✓ година
- ✓ Во однос на граѓанската материја започната е постапка на ратификација, на Конвенцијата за избор на суд (2005) . За Хашките конвенции (2007, 1996) и Протоколот (2007) согласно заклучок 41-7229/9 од 18.10.2022 година на Владата на Република Северна Македонија, постапката за ратификација треба да заврши до 31.12. 2023 година.
- ✓ За Конвенцијата за пресуди во Хаг за 2019 година се одржа тркалезна маса во Скопје на 23 февруари организирана како дел од рамката на „Балканскиот проект за зајакнување на спроведувањето (БЕСП) финансиран од страна на холандското Министерство за надворешни работи и имплементиран од Центарот за меѓународна правна соработка. Република Северна Македонија ќе преземе понатамошни чекори согласно активностите преземени од земјите-членки на ЕУ.
- ✓ Академијата за судии и јавни обвинители за извештајниот период за меѓународна соработка во кривична и граѓанска материја реализираше 10 настани со вкупно 125 учесници, од кои 46 судии, 26 јавни обвинители и 53 стручни соработници.

## 5.2УПРАВНО ПРАВНА ОБЛАСТ

### *Стратешка насока 5.2.8: Подобрување на просторните и материјално техничките услови за работа на Управниот суд*

- ✓ Оваа активност е реализирна. Новата зграда на Управниот суд беше пуштена во функција на 6 јули 2022 година.

## 5.4 ГРАЃАНСКО ПРАВНА ОБЛАСТ

### *Стратешка насока 5.4.1: Воспоставување стабилен граѓанско правен систем преку пополнување на постоечките правни празнини и негово усогласување со европските стандарди и современите општествени текови*

- ✓ Во собраниска процедура е нов предлог Закон за парничната постапка.
- ✓ Во ноември 2022 година, Собранието го донесе Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[6]. Со новиот закон е предвидено значително намалување на сумата којашто ќе ја плаќаат новинарите за изгубен спор за клевета или навреда од сега предвидените 2000 евра на максимални 400 евра. Дополнително, прецизирани се професионалните правила на новинарската професија кои се однесуваат на прибирање, анализа и публикување на информации утврдени од професионална организација на новинарите, при што се додава дека тие треба да бидат во согласност со етичките принципи на Меѓународната федерација на новинари.
- ✓ Владата на Четириесет и деветтата седница што се одржа на 31 мај 2022 година ја донесе Одлуката за формирање на Граѓански законик на Република Северна Македонија.
- ✓ Граѓанскиот законик ќе биде составен од пет книги:
  Книга 1: Општ дел на Граѓанскиот законик;
  Книга 2: Стварно правни односи;
  Книга 3: Облигационо правни односи;
  Книга 4: Семејно правни односи;
  Книга 5: Наследно правни односи;
  Комисијата во извештајниот период редовно се состанува и до крајот на 2023 година се очекува да се достави Граѓанскиот законик во Владина постапка.
- ✓ Академијата за судии и јавни обвинители спроведе вкупно 46 обуки кои се однесуваат на граѓанска материја со 1123 учесници, од кои 436 судии, 16 јавни обвинители, 587 стручни соработници, 59 слушатели на почетна обука и 25 претставници на други институции.

---

[6] Службен весник на РСМ бр. 251/2022